Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Пошта

**ДО:** **ЈП за депонирање комунален отпад-ДРИСЛА**
Бул.Илинден бб.Центар

Број 18-482/2
Датум: 06.03.2019

**ПРЕДМЕТ:** Претходно мислење

**ВРСКА:** Ваше барање бр.03-218/1 од 04.03.2020 година

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Палата „23 Октомври“
ул. Даме Груев бр 12
1000 Скопје,
Северна Македонија
Тел. (02) 3255 689
www.bjn.gov.mk
www.e-nabavki.gov.mk

INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-026/2018

Во врска со вашето барање под горенаведениот број и датум, а врз основа на член 45 став (1) алинеја 5 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“, бр. 24/19), Бирото за јавни набавки го дава следново мислење:

Согласно со член 55 став (1) точка г) од законот, договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган.

Во однос на вашето барање за спроведување постапка со преговарање без објавување оглас за Изнајмување на градежни машини за период од 3(три) месеци, со проценета вредност од 10.500.000,00 денари, а земајќи го предвид образложението и доказите во прилог, Бирото за јавни набавки е на мислење дека во конкретниов случај **се исполнети** условите за спроведување на постапката со преговарање без објавување оглас.Мислењето на Бирото е исклучиво за постапката за преговарање согласно настанатата ситуација на Договорниот орган и не се однесува за избор на конкретен економски оператор.

Одговорноста за изборот и спроведувањето на постапката со преговарање како исключителна постапка е одговорност на договорниот орган, а Бирото го дава ова мислење исклучиво врз основа на образложението и приложената документација.

**в.д. Директор**
Armir Sadiki